РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
"КОЛЕ НЕХТЕНИН" ц.о. - Штип

| Примено: 14.02.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 98/1 | | |

ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1119/3*
*14.02.2022 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 93-в, став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 14.02.2022 година донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА - ДИРЕКТОР НА СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН" - ШТИП

1.За вршител на должноста - Директор на Општинското средно училиште „Коле Нехтенин" - Штип, се именува:

- Јованка Шалева, наставик по македонски јазик и литература

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на СОУ„Коле Нехтенин" Штип, а стапува на должност од 14 февруари 2022 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на СОУ„Коле Нехтенин" - Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

*Образложение*

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на СОУ„Коле Нехтенин" – Штип, со Решение број 09-1119/2 од 14.02.2022 година, Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на СОУ „Коле Нехтенин" Штип.

Од редот на вработените во СОУ „Коле Нехтенин" – Штип , вработената на неопределено време во истото средно училиште Јованка Шалева на работно место наставник по македонски јазик и литература се именува за вршител на должност Директор на СОУ „Коле Нехтенин" – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се' до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општината Штип**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шарова-Ангелова*